***АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ***

# *И З В Е Ш Т А Ј*

***ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ***
***ЗА 2021 ГОДИНА***

***СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2022 ГОДИНА***

## 1.ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

### --- ОБЕМ НА РАБОТА ---

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2021 година имал обем на работа од вкупно 20.508 предмети, која бројка ја сочинуваат 6.503 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период (од кои 4 се погрешно заведени), 13.931 новопримени предмет (од кои 4 се погрешно заведени) и 82 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 13.611 предмети, и тоа 13.502 од новопримените предмети и 109 од предметите повторно земени во работа.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2021 година останале 6.897 незавршени предмети, што претставува зголемување на заостатокот незавршени предмети за 394 предмети во однос на претходната година.

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.503 | 13.931 | 82 | 8 | 20.508 | 13.611 | 6.897 |

## 2. РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА

| Вид на предмети | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | 23 | 2098 | / | 2121 | 2120 | 1 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | / | / | / | / | / | / |
| СУ-ИЗЗ | / | 403 | / | 403 | 403 | / |
| УПП | 5 | 480 | / | 485 | 485 | / |
| СПИ | 2 | 35 | / | 37 | 37 | / |
| ВКУПНО | 30 | 3016 | / | 3046 | 3045 | 1 |

## 3 КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД

Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 627 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 4,61% од вкупниот број 13.611 донесени одлуки во извештајната година, од кои 452 одлуки или 3,32% од вкупно решените предмети се потврдени, 122 одлуки или 0,90% од вкупно решените предмети се укинати и 53 одлуки или 0,39% од вкупно решените предмети се преиначени.

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 13.611 | 452 | 3,32 | 122 | 0,90 | 53 | 0,39 |

Во однос на бројот од 627 одлуки добиени од Врховниот суд на Република Северна Македонија, 452 одлуки, односно 72,09% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 122 одлуки, односно 19,46% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 53 одлуки, односно 8,45% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 627 | 452 | 72,09 | 122 | 19,46 | 53 | 8,45 |

## 4 ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ и
## 5 КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НИВО НА ОДДЕЛ

**---- *КРИВИЧЕН ОДДЕЛ – ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ***

ивични предмети, кривични предмети од организиран криминал, ивични предмети – деца и прекршочни предмети

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 1.655 кривични предмети (КЖ) од кои 443 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.199 предмети се новопримени и 13 предмети се повторно заведени во работа, при што судот вкупно завршил 1.258 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 397 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 1.233 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 422 предмети. Приливот е за 314 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 898 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е зголемен за 468 предмети во однос на претходната година кога се решени 790 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 443 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е намален за 46 предмети, т.е останати се како нерешени 397 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), при што во извештајниот период во работа имало вкупно 167 предмети, од кои 118 предмети се новопримени и 1 предемт е повторно заведен во работа, а 48 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 118 предмети, а како нерешени останале 49 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 131 предмет, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 36 предмети. Приливот е за 10 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 109 предмети. Бројот на решените КОКЖ предмети во извештајната година е зголемен за 35 предмети во однос на претходната година кога се решени 83 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 48 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети од организиран криминал е зголемен за 1 предмет, т.е останати се како нерешени 49 предмети.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 32 предмети, од кои 31 предмет се новопримени, а 1 предмет е пренесен како нерешен од претходниот период. До крајот на извештајната година, решени се 30 предмети кои биле во работа, а незавршени останале 2 предмети.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 26 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 6 предмети. Приливот е за 5 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 26 предмети. Бројот на решените кривични предмети – деца во извештајната година е зголемен за 5 предмети во однос на претходната година кога се решени 25 предмети. Во однос на претходната година кога останал нерешен 1 предмет, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 1 предмет, т.е останати се како нерешени 2 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочни предмети (ПРКЖ). Во текот на извештајната 2021 година во работа имало вкупно 3.672 прекршочни предмети, од кои 1.891 предмет се новопримени и 2 предмети се повторно заведени во работа, а 1.779 предмети се пренесени од претходниот извештаен период. Во текот на извештајниот период решени се 2.011 предмети, а на крајот на годината 1.661 предмет останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 3.727 предмети, во извештајната 2021 година обемот на работа е намален за 55 предмети, а бројот на решени предмети е зголемен за 63 предмети во однос на решените 1.948 предмети во 2020 година. Како последица на намалениот прилив и зголемениот број на решени предмети, бројот од 1.661 предмет остаток на крајот на 2021 година претставува намалување за 118 предмети во однос на бројот на нерешени предмети на крајот од претходниот извештаен период, кога изнесувал 1.779 предмети.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 443 | 1.199 | 13 | / | 1.655 | 1.258 | 397 |
| КОКЖ | 48 | 118 | 1 | / | 167 | 118 | 49 |
| КЖМ | 1 | 31 | / | / | 32 | 30 | 2 |
| КСЖ | 38 | 740 | / | 1 | 777 | 729 | 48 |
| КР | 10 | 145 | / | 1 | 154 | 144 | 10 |
| Вкупно: | **540** | **2.233** | **14** | **2** | **2.785** | **2.279** | **506** |
| ПРКЖ | 1.779 | 1.891 | 2 | / | 3.672 | 2.011 | 1.661 |
| Вкупно: | **2.319** | **4.124** | **16** | **2** | **6.457** | **4.290** | **2.167** |

## *КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ*

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 95 судски одлуки за кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 2,22% од вкупниот број 4.290 донесени одлуки во извештајната година, од кои 78 одлуки или 1,82% од вкупно решените предмети се потврдени, 15 одлуки или 0,35% од вкупно решените предмети се укинати и 2 одлуки или 0,05 % од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 1.258 | 56 | 4,45 | 12 | 0,95 | 2 | 0,16 |
| КОКЖ | 118 | 20 | 16,95 | 1 | 0,85 | / | / |
| КЖМ | 30 | / | / | / | / | / | / |
| КСЖ | 729 | 2 | 0,27 | / | / | / | / |
| КР | 144 | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 2.011 | / | / | 2 | 0,10 | / | / |
| **Вкупно:** | **4.290** | **78** | **1,82** | **15** | **0,35** | **2** | **0,05** |

Во однос на бројот од 95 одлуки добиени од Врвниот суд на РМ, 78 одлуки, односно 82,10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 15 одлуки, односно 15,79% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 2 одлуки, односно 2,11% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | Укинати | преиначени |
|---|---|---|---|---|

| | број | број | % | број | % | број | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 70 | 56 | 80,00 | 12 | 17,14 | 2 | 2,86 |
| КОКЖ | 21 | 20 | 95,24 | 1 | 4,76 | / | |
| КЖМ | / | / | / | / | / | / | |
| КСЖ | 2 | 2 | 100,00 | / | / | / | |
| КР | / | / | / | / | / | / | |
| ПРКЖ | 2 | / | / | 2 | 100,00 | / | |
| Вкупно: | 95 | 78 | 82,10 | 15 | 15,79 | 2 | 2,11 |

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 1.258 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 182 предмети, до два месеци постапката траела во 221 предмет, до три месеци во 190 предмети, постапката во 378 предмети траела од три до шест месеци и кај 287 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 118 кривични предмети од организиран криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 18 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 17 предмети, до три месеци во 24 предмети, постапката во 28 предмети траела од три до шест месеци и кај 31 предмет постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 30 кривични предмети - деца, кои се завршени во текот на годината, постапката во 17 предмети траела до еден месец, во 5 предмети постапката траела до два месеци, во 6 предмети постапката траела до три месеци и во 2 предмети постапката траела од три до шест месеци.

Од вкупниот број 2.011 прекршочни предмети, кои се завршени во текот на годината, постапката во 249 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 189 предмети, до три месеци во 93 предмети, постапката во 345 предмети траела од три до шест месеци и кај 1.135 предмети постапката траела над шест месеци.

## --- ***ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ***

Во текот на 2021 година во Судот во работа имало вкупно 6.598 граѓански предмети, од кои 1.675 предмети (од кои 1 е погрешно заведен) се пренесени како нерешени од претходната година и 4.891 предмет (од кои 1 е погрешно заведен) се новопримени и 34 предмети повторно во работа, при што Судот вкупно решил 4.305 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 2.293 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 6.103 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 495 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 1.355 предмети во однос на претходната година, кога се примени 3.569 предмети. Исто така, намален е и бројот на решени предмети во извештајната година и тоа за 123 предмети помалку во однос на претходната година кога биле решени 4.428 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е зголемен за 618 предмети во однос на 1.675 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2020 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 1.674 | 4.873 | 34 | 2 | 6.579 | 4.286 | 2.293 |
| Р | 1 | 18 | / | / | 19 | 19 | / |
| Вкупно: | 1.675 | 4.891 | 34 | 2 | 6.598 | 4.305 | 2.293 |

Во почетокот на 2021 година во Граѓанскиот оддел на судот беа распоредени 14 судии, а на крајот на годината во одделот постапуваа само 11 судии.

--- ***КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ***

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 271 судска одлука на Апелациониот суд Скопје, што претставува 6,29% од вкупниот број 4.305 донесени одлуки во извештајната година, од кои 183 одлуки или 4,25% од вкупно решените предмети се потврдени, 56 одлуки или 1,30% од вкупно решените предмети се укинати и 32 одлуки или 0,74% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 4.286 | 183 | 4,27 | 56 | 1,31 | 32 | 0,75 |
| Р | 19 | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно: | 4.305 | 183 | 4,25 | 56 | 1,30 | 32 | 0,74 |

Во однос на бројот од 271 одлука добиена од Врвниот суд на Република Северна Македонија, 183 одлуки, односно 67,53% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 56 одлуки, односно 20,66% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 32 одлуки, односно 11,81% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 271 | 183 | 67,53 | 56 | 20,66 | 32 | 11,81 |

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 4.286 „ГЖ“ предмети, постапката до еден месец траела во 1.112 предмети, до два месеци во 584 предмети, до три месеци во 331 предмет, од три до шест месеци во 505 предмети и над шест месеци во 1.754 предмети.

## --*<u>ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ</u>*

Одделот за работни спорови во текот на 2021 година во работа имал вкупно 4.373 предмети, од кои 1.641 предмети биле пренесени од претходниот извештаен период, а 2.730 предмети се новопримени (од кои 2 се погрешно заведени) и 4 предмети повторно во работа, при што решени се вкупно 2.495 предмети, а на крајот на годината останале 1.878 нерешени предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 3.228 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 1.145 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 1.145 предмети во однос на претходната година, кога се примени 1.587 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 908 предмети во однос на претходната година кога биле решени 1.587 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е зглемен за 237 предмети, во однос на 1.641 предмет кои биле останати во работа на крајот од 2020 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РОЖ | 1.641 | 2.730 | 4 | 2 | 4.373 | 2.495 | 1.878 |

Во првите девет месеци од 2021 година во Одделот за работни спорови, по предмети од РОЖ уписник постапувале 6 судии, а во последното тромесечие во одделот беа распоредени 9 судии.

## -- *<u>КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ</u>*

Одделот за работни спорови на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 107 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 4,29% од вкупниот број 2.495 донесени одлуки во извештајната година, од кои 87 одлуки или 3,49% од вкупно решените предмети се потврдени, 9 одлуки или 0,36% од вкупно решените предмети се укинати и 11 одлуки или 0,44% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| РОЖ | 2.495 | 87 | 3,49 | 9 | 0,36 | 11 | 0,44 |

Во однос на бројот од 107 одлуки добиени од Врвниот суд на Република Северна Македонија, 87 одлуки, односно 81,31% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 9 одлуки, односно 8,41% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 11 одлуки, односно 10,28% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | број | % | број | % | број | % |
| РОЖ | 107 | 87 | 81,31 | 9 | 8,41 | 11 | 10,28 |

Од вкупно завршените 2.495 предмети „РОЖ“ од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 20 предмети, до два месеци во 13 предмети, до три месеци во 12 предмети, од три до шест месеци во 70 предмети и над шест месеци кај 2.380 предмети.

## --*ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ*

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2021 година во работа имал вкупно 3.080 предмети од кои 868 предмети (од кои 2 се погрешно заведени) биле пренесени како нерешени од претходната година, а 2.186 предмети се новопримени и 28 предмети повторно во работа, при што Судот решил вкупно 2.521 предмет, а на крајот на годината останале 559 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната 2020 година кога Судот во работа имал 3.519 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 439 предмети. Приливот во извештајната година е зголемен за 714 предмети во однос на претходната година кога биле примени вкупно 1.500 предмети. Бројот на решени предмети по трговски спорови во извештајната година е намален за 130 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.651 предмет. На крајот од извештајната 2021 година останале 559 незавршени предмети, што е за 309 предмети помалку од минатата извештајна година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТСЖ | 868 | 2.186 | 28 | 2 | 3.080 | 2.521 | 559 |

Во првите девет месеци од 2021 година во Одделот за стопански спорови, по предмети од ТСЖ уписник постапувале 8 судии, а во последното тромесечие во одделот биле распоредени 6 судии.

**-- *<u>КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ</u>***

Трговскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 154 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 6,11% од вкупниот број 2.521 донесени одлуки во извештајната година, од кои 104 одлуки или 4,13% од вкупно решените предмети се потврдени, 42 одлуки или 1,67% од вкупно решените предмети се укинати и 8 одлуки или 0,31% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 2.521 | 104 | 4,13 | 42 | 1,67 | 8 | 0,31 |

Во однос на бројот од 154 одлуки добиени од Врховниот суд на Република Северна Македонија, 104 одлуки, односно 67,54% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 42 одлуки, односно 27,27% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 8 одлуки, односно 5,19% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | Број | % | број | % |
| ТСЖ | 154 | 104 | 67,54 | 42 | 27,27 | 8 | 5,19 |

Од вкупно завршените 2.521 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 576 предмети, до два месеци во 387 предмети, до три месеци во 309 предмети, од три до шест месеци во 602 предмети и над шест месеци во 647 предмети.

## 6. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Вид предмет | Нерешени -стари предмети | Новопримени -стари предмети | Вкупно во работа - стари | Решени - стари предмети | Остаток - стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | предмети | | |
| КЖ | 139 | 296 | 435 | 297 | 138 |
| КОКЖ | 9 | 31 | 40 | 32 | 8 |
| КСЖ | 2 | 6 | 8 | 6 | 2 |
| КР | | 1 | 1 | 1 | |
| ПРКЖ | 1.201 | 970 | 2.171 | 1.146 | 1.025 |
| ГЖ | 664 | 1.836 | 2.500 | 1.780 | 720 |
| РОЖ | 859 | 1.980 | 2.839 | 2.385 | 454 |
| ТСЖ | 357 | 376 | 733 | 672 | 61 |
| Вкупно: | 3.231 | 5.496 | 8.727 | 6.319 | 2.408 |

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2021 година во работа имал вкупно 8.727 стари предмети, од кои 3.231 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 5.496 предмети во текот на извештајниот период поминал периодот од 6 месеци од прием на предметот во Судот. Во Судот биле решени вкупно 6.319 стари предмети, а на крајот на годината останале 2.408 нерешени стари предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Со оглед на погоре изнесената состојба, по однос на работата на судот како на општо ниво, така и по оддели, односно уписници она што е очигледно е дека судот не успеал да го совлада приливот на нови предмети, но за обележување е засилениот ангажман на судиите кои судиската функција ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, надминувањето на ориентационата норма од страна на скоро сите судии, односно завршување далеку поголем број предмети од утврдениот со ориентационата норма што е константна појава во Судот.

## 7. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ, ИФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

### --- ***<u>ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ</u>***

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, меѓутоа во извештајната 2021 година, како и подолг период наназад, не задоволуваат просторните услови за непречено функционирање на судот, а со оглед да во истата зграда функционираат и други институции кои исто така ги извршуваат работите од својата надлежност во истиот објект и заземаат поголем дел од просторот. Моментално судот, како е погоре изнесено, својата функција ја извршува со непотполн состав, како по однос на носителите на судиска функција, така и во поглед на стручните судски службеници и административно технички судски службеници, така што со целосно пополнување на бројот согласно систематизацијата, судот ќе се соочи со просторен проблем – недоволен број канцеларии за сите вработени во судот. Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид -19 веќе доведе до просторни проблеми во судот и организацијата на работа во истиот. Имајќи ги предвид протоколите за однесување, заштита и превенција од вирусот, во судот се изврши преорганизација на канцелариите и просторот кој го користат судските референти – дактилографи, но и судските референти од писарниците на судот, со тоа што беа потребни дополнителни канцеларии со цел заштита на вработените преку распоредување во повеќе канцеларии. Вработените беа

распоредени согласно просторните услови по еден до двајца во канцеларија, со оглед и на големината на просторијата, а внимавајќи на условите и хигиената, дополнително зафатените простории беа молерисани, заменет е подот со поставување нов ламинат и монтирани клима уреди.

---- ***ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА***

За функционирањето на Судот во извештајната 2021 година, карактеристично е интензивирање на користењето на информатичко комуникациските технологии во сите сегменти на работата, што пред се́ се должи на пандемијата предизвикана од корона вирусот и мерките преземени како превенција од ширење на болеста Covid 19.

Целокупното управување со движењето на судските предмети, како и донесувањето на судските одлуки се одвива со користење на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Во системот се води електронска евиденција на потребните податоци во врска со предметите и се изготвуваат акти во истите. Посебно внимание се посветува на автоматската распределба, како и на автоматската прераспределба на судските предмети по судии. Континуирано се следи и квалитетот на внесените податоци, во смисла дали истите се пополнуваат целосно и точно. Исто така, постојано се врши подобрување и оптимизирање на работата во АКМИС за секоја корисничка група на системот, поодделно.

Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот, судиите и другите корисници на системот, се генерираат електронски од АКМИС и редовно се доставуваат до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

Во три судници во Апелациониот суд Скопје е инсталирана опрема за тонско снимање на судски рочишта, која е конфигурирана согласно потребите на судското работење и е целосно исправна.

Во текот на 2021 година, од страна на судиите кои постапуват по предмети согласно Законот за парнична постапка, извршено е тонско снимање на 69 рочишта, согласно Упатството за тонско снимање на рочишта изготвено од страна на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите при Врховниот суд на Република Северна Македонија. Земајќи го во предвид значењето на овој систем за успешно одржување на рочиштата согласно ЗПП, сметаме дека е неопходно да се обезбеди тековно одржување.

Во Апелациониот суд Скопје, се користи и „Системот за електронска достава на судски документи". Системот е оценет како ефикасен и едноставен за користење од страна на корисниците. Вработените во судските писарници, по добиена наредба од судиите, вршат електронска достава на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.) и притоа не се забележани никакви недостатоци. Во текот на 2021 година извршена е електронска достава на 525 писмена во вкупно 483 предмети.

Во Судот, во текот на извештајниот период, се скенирани околу 3.043 влезни документи (поднесоци во врска со судските предмети доставени директно во Апелационен

суд Скопје). Скенираните влезни документи се приклучуваат кон соодветното електронското досие на предметот во АКМИС.

Во текот на 2021 година, вработените во Апелациониот суд Скопје редовно се информирани со објавување на бројни податоци во врска со сите новини во организацијата и работата на Судот, активности на судските оддели, судиите и другите вработени, соработка со други судови и институции, следење на правна легислатива и судска практика, сервисни информации и друго, на интерната web страна, која се хостира локално. На овој начин се постигнува навремено, ефикасно информирање на вработените во Судот, како и заштеда на финансиски средства.

Во текот на 2021 година е продолжено со користење на web порталот на судот (www.asskopje.mk). Редовно се ажурираат и дополнуваат сите предвидени содржини на порталот, а исто така, се следи и автоматското генерирање на податоците од календарот на насрочени предмети, како и објавувањето на анонимизираните судски одлуки.

Процесот на објавување на анонимизираните судски одлуки, се одвива отежнато како поради големиот број на одлуки кои треба да се објават што го оптеретува АКМИС, значително зголемувајќи ја големината на базата на податоци, чија големина (>80GB) се наметнува како сериозен проблем, наспроти ограничениот дисков простор на процесниот сервер. Како друг момент, би ја истакнале потребата за донесување на ажурирано Упатство за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот, а согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите (Сл.в. на РСМ бр.42/20).

Исто така, сеуште постојат и помали технички проблеми од типот на несоодветна автоматска анонимизација на текстот на одлуката или неможност одредена одлука да се анонимизира. Во текот на 2021 година забележано е нередовно објавување на анонимизираните и публикувани одлуки и нивно појавување на web порталот на судот после неколку денови, односно по интервенција од страна на фирмата задолжена за техничка поддршка на порталите.

Од страна на корисниците на web порталот на судот често се пријавуваат проблеми при пребарување на веќе објавените судски одлуки, а најчест проблем е недостапноста на сервисот за пребарување.

Во информатичкото работење на Апелациониот суд Скопје применети се сите барања од правилниците и процедурите донесени согласно Законот за заштита на личните податоци. Со тоа во Судот е подигнато нивото на заштита на податоците кои се предмет на обработка, зголемена е контролата на пристап до ИКТ системите. Редовно се ажурираат и корисничките привилегии кои ги имаат вработените за пристап до АКМИС.

За антивирусна заштита на работните станици, во Судот се користи Kaspersky Security Center 13.2 софтвер.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година и чиј пропусен капацитет не ги задоволува потребите на секојдневното работење, па потребна е замена на истата со нова. Исто така, потребна е надградба на активната мрежна опрема која е инсталирана во текот на 2011 година.

Во Судот повеќе од десет години се користи единствен процесен сервер, на кој

функционираат пет виртуелни машини кои го покриваат целокупното работење на ИКТ системите. Оптеретеноста на серверот расте со текот на времето, што доведува до значително успорување на работата на корисниците. Хардверски капацитет на истиот ни оддалеку не ги задоволува потребите на секојдневното работење, и тоа од аспект на дисков простор, работна меморија, процесорна моќ итн. Ако се земат предвид континуираните надградби на АКМИС и потребата од секојдневно користење на воведените ИКТ системи, неопходно е да се набават нови, помошни сервери (најмалку два) со што би се обезбедило ефикасно и непречено работење на судот.

Судот располага со доволен број на работни станици и монитори, но потребна е набавка на нови мрежни печатари и скенери, со што ќе се обезбедат и соодветни услови за работа на корисниците.

Во текот на 2021 година набавени се мултимедијални уреди (камери, микрофони, слушалки, звучници) со што се обезбедени услови за следење на online состаноци, советувања и сл. за поголем број учесници преку нивните десктоп компјутери.

Но, се поинтензивната електронска комуникација, посетувањето на online настани, конференции, обуки и сл. ја наметнува потребата од набавка на преносни компјутери опремени со мултимедијални уреди.

Судот не располага со интерен емаил сервер, туку користи 100 емаил адреси хостирани во „Телесмарт Телеком" ДОО Скопје кои не ја задоволуваат потребата секој вработен во судот (>160) да има службена емаил адреса, со што би се подобрила комуникацијата помеѓу вработените и ефикасноста на работењето.

Од големо значење за Судот би било електронското поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје, со што би се овозможила електронска размена на податоци и комплетирање на електронските досиеа на предметите. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

Во текот на 2021 година, Апелациониот суд Скопје во своето работење го имплементираше системот за управување со квалитет МКС EN ISO 9001:2015, со кој се опфатени и процесите за подршка од ИКТ областа со што се очекува натамошно унапредување на користењето на инсталираните ИКТ системи и подобрување на квалитетот на обработените податоци во судот.

Со цел редовно одржување на ИКТ системите во судот потребно е да се обезбеди соодветна сервисна подршка за целокупната инсталирана опрема и софтвер, како и обезбедување доволно финансиси средства за потрошни материјали поврзани со истата.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба, вклучувајќи ги и информатичарите.

Одделението за информатика брои само двајца вработени од кои едниот е инженер – информатичар, а другиот техничар - информатичар, но за да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, потребно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица кои редовно и соодветно стручно ќе се едуцираат за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот или чија имплементација се очекува во скоро време во рамки на процесот на дигитализација на судовите во Република

Северна Македонија.

---- ***ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ***

***- НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА***

Согласно со актот за систематизација и одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2020 година утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии.

Календарската 2021 година судот ја започнал со 41 судија вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во месец април на еден судија му престана судиската функција поради смрт, а на еден судија поради исполнување услови за старосна пензија работниот однос му престана на 29.11.2021 година, со што бројката на носители на судиската функција во судот заклучно со декември 2021 година изнесува 39 судии.

Во судот покрај останатите акти со кои се уредува организацијата и работата, донесена е Програмата за работа на судот за период 01.01.2021 – 31.12.2021 година со која утврдено е во судот да функционираат пет судски оддели во кои се распоредени судиите, а потоа согласно со Програмата за работа изготвен и донесен во смисла на законските и деловничките одредби е Распоред за работа на судиските совети во судот, со кој точно се утврдените и бројот и составот на советите по секој од одделите.

***СУДСКА СЛУЖБА***

Бројот на судската служба на крајот од 2021 година во Судот изнесува 119 вработени. Во извештајниот период во судската служба на судот реализирани се 9 нови вработувања по објавен оглас од 2020 година и предвидени со Годишниот план за вработување за 2020 година.

По пат на склучена спогодба преземен е еден припадник на судска полиција, како и двајца судскислужбеници по К-5 Програмата.

Согласно Годишниот план за вработување за 2021 година во судот сеуште не се реализирани вработувањата, а постапката по објавен јавен оглас е во тек.

Во текот на 2021 година на двајца судски службеници им престана вработувањето по сопствено барање, на еден судски службеник му мирува работното место поради избор на јавна функција, на еден судски полицаец му престана работниот однос поради исполнети услови за старосна пензија, еден судски службеник се наоѓа на подолго боледување, а двајца судски службеници користат мерки за превенција од вирусот Ковид-19 по основ бременост.

Во текот на 2021 година во Судот се превземени сите неоходни мерки утврдени согласно протоколите за заштита од вирусот Ковид – 19, донесени од Владата на РСМ, во услови на прогласена пандемија, а во интерес на сочувување на здравјето на вработените и странките.

Претседател на Судот
Лидија Димчевска